Врз основа на член 161 од Законот за нотаријатот ("Службен весник на Републи Македонија" бр. 72/16, 142/16 и 233/18) и Правилникот за начинот на организирањето полагањето на нотарскиот испит ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/19 47/19), Министерството за правда распишува

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 08-2052/1
15-07-2021 20
Скопје/Shkup

**О Г Л А С**

**ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА НОТАРСКИ ИСПИТ ВО СЕПТЕМВРИСКА ИСПИТНА СЕСИЈА**

**1.**Секој кандидат кој се пријавува на огласот за полагање на нотарски испит треба д ги исполнува следните услови :

**- да е дипломиран правник со четиригодишно високо образование ил дипломиран правник кој според Болоњската декларација има 300 кредити н правни студии според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС),**

**- да има положено правосуден испит и**

**- да има најмалку три години работен стаж на правни работи по положе правосуден испит или две години работен стаж во нотарска канцеларија п положен правосуден испит.**

2. Кандидатот кој се пријавува на огласот за полагање на нотарски испит треба да достави следните документи:

- **пријава во писмена форма** во која читко ќе бидат наведени личните генерали точна адреса, број на лична карта или пасош, име, татково име, презиме, број н телефон (мобилен или домашен), адреса на електронско сандаче, **со уплатни** (образец ПП/50) за уплатени парични средства за административна такса з полагање на нотарски испит во износ од **50,00 денари**, назив на примачот - Буџет н Република Северна Македонија, банка на примачот - Народна банка на Републи Северна Македонија, трезорска сметка на Народна банка на Република Северн Македонија бр. **1 000 000 000 63 095,** уплатна сметка **840***03161** (трите ѕвездичк се однесуваат на шифрата на општината во која подносителот е жител), приходн шифра **72 23 13**, програма **00**,

- **диплома** за завршен Правен факултет со четиригодишно високо образование ил дипломиран правник кој според Болоњската декларација има 300 кредити н правни студии според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС),

- **потврда од Агенција за вработување на РСМ** со која се докажува работен стаж н правни работи од најмалку три години по положен правосуден испит или дв години стаж во нотарска канцеларија по положен правосуден испит,

- **уверение** за положен правосуден испит и

-**доказ** за уплатен износ на предвидените средства за полагање на испитот, односно уплатница (образец ПП/50) на износ од **9.000,00 денари**, уплатени на жиро сметка на Министерство за правда, број **070 010 014 063 112** со цел на дознака за полагање на нотарски испит, назив на примачот – Министерство за правда, банка на примачот - Народна банка на Република Северна Македонија, трезорска сметка на Народна банка на Република Северна Македонија бр. **1 000 000 000 63 095,** приходна шифра **72 30 13**, програма **10**.

**3.** Потребните документи (во оригинал или фотокопие заверено кај нотар) се поднесуваат во архивата на Министерството за правда, ул."Димитрије Чуповски" бр.9, Скопје.

**4**. Пријавувањето на испитот е од 1 до 15 август 2021 година.

**5.** За времето и местото на одржување на испитот кандидатите ќе бидат дополнително известени со објава на веб страната на Министерството за правда.

**6.** Министерството за правда, за денот на полагањето на поправниот испит, дополнително ќе ги извести кандидатите кои не покажале задоволителен резултат по еден предмет, односно биле вратени на поправен испит.

**7.** Кандидатите кои ќе полагаат поправен испит ќе треба да поднесат пријава во рок од пет дена од денот на објава на резултатите од усниот испит .

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**

м-р Бојан Маричиќ

Изготвил:Ана Стојова

Помошник раководител на сектор